РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-305/14
18-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21- та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-3078/1 од 02.12.2024 година, против лицето ------, ВД Директор на ЈЗУ Клиничка Болница -------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ------ , и по спроведена постапка за порамнување за констатираниот прекршок, лицето изврши уплата на пропишаната глоба во законски предвидениот рок и го отстрани судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од непознат подносител оформен е предмет со бр. 09-3078/1 од 02.12.2024 година со наводи за судир на интереси од страна на лицето --------, ВД Директор на ЈЗУ Клиничка Болница ---------. Според пријавителот наведеното службено лице доделило два тендери на компанијата ---------, која е во сопственост на сопругата на неговиот син.
Од обезбедената документација од ЈЗУ Клиничка Болница -------, како и од самото службено лице, се констатира следново:
Лицето -------- достави изјава заверена на нотар со која изјавува дека лицето ----- е негова снаа, односно сопруга на неговиот син ---------.
По проверка во Дистрибутивниот центар на Централен регистер на РСМ е утврдено дека лицето ------- била во сопственичката структура на правното лице ДТУ ------ од 21.06.2017 година до 03.03.2025 година.
ЈЗУ Клиничка Болница -------- со правното лице ДТУ ---------, во периодот откако лицето ---- ја презема функцијата ВД Директор на ЈЗУ Клиничка Болница ----- склучиле три договори по спроведени постапки за јавни набавки и тоа: Договор со бр. 03-2518/1 од 04.09.2024 година за набавка на потрошен материјал за торакална хирургија по спроведена постапка со бр.

11573/2024, Договор со бр. 03-3138/1 од 31.10.2024 година за набавка на потрошен материјал за трауматологија по спроведена постапка 13088/2024, Договор со бр. 03-3343/1 од 20.11.2024 година за набавка на потрошен материјал медицинска пластика по спроведена постапка 14013/2024. Сите три договори се потпишани од страна на ВД Директорот на болницата, -----.
Од доставената документација е утврдено дека ЈЗУ Клиничка Болница -----по потпишување на гореспоменатите договори за јавни набавки, побарале мислење од страна на Бирото за јавни набавки, како да постапат, кога заради пропуст не бил испочитуван член 38 став 3 од Законот за јавни набавки, и е донесена одлука за избор и се склучени договори со економски оператор, со кој одговорното лице на болницата има судир на интереси. Од страна на Бирото за јавни набавки е издадено мислење, во кое меѓу другото се вели дека Бирото е на став дека потпишаните договори во состојба на судир на интереси треба да бидат раскинати. Понатаму, донесени се следниве одлуки за поништување на гореспоменатите договори: Одлука со бр.02-3500/1 од 04.12.2024 година за поништување на сите акти донесени врз основа на јавна набавка за потрошен материјал, Медицинска пластика која е објавена под бр. 14013/2024 од 30.08.2024 година, Одлука со бр.02-3501/1 од 04.12.2024 година за поништување на сите акти донесени врз основа на јавна набавка за потрошен материјал за трауматологија, која е објавена под бр. 13088/2024 од 13.08.2024 година и Одлука со бр.02-3501/1 од 04.12.2024 година за поништување на сите акти донесени врз основа на јавна набавка за потрошен материјал за торакална хирургија, која е објавена под бр. 11573/2024 од 11.07.2024 година. По насоките дадени од Бирото за јавни набавки, споменатите договори се раскинати и преку ЕСЈН (Електронскиот систем за јавни набавки).
По однос на прашањето дали имало реализација и исплата по наведените договори, пред нивното раскинување, од страна на ЈЗУ Клиничка Болница -------- е доставено известување дека согласно сметководствената евиденција – аналитичка картица од 31.12.2024 година произлегло дека од страна на -------- е испорачана стока по фактура бр. 1137/24 од 03.10.2024 година. Но, во прилог е доставено и известување со бр. 097/25 од 23.01.2025 година за правните последици од поништување на договорот, во кое е изјавено дека доставената стока од горенаведената фактура, доставувачот --------- не бара да му се врати, а додека платениот износ по истата, која е исплатена на 02.12.2024 година, ќе го врати на договорениот орган. Доставен е доказ – Извод на промет и состојба на сметка за ЈЗУ Клиничка болница -------, од вратениот износ по фактура бр. 1137/24 во висина од 249,452,00 денари од страна на -------.
Со раскинување на Договор со бр. 03-2518/1 од 04.09.2024 година за набавка на потрошен материјал за торакална хирургија по спроведена постапка со бр. 11573/2024, Договор со бр. 03-3138/1 од 31.10.2024 година за набавка на потрошен материјал за трауматологија по спроведена постапка 13088/2024, Договор со бр. 03-3343/1 од 20.11.2024 година за набавка на потрошен материјал медицинска пластика по спроведена постапка 14013/2024, поради состојба на судир на интереси, службеното лице ------- ВД Директор на ЈЗУ Клиничка Болница

----------- постапил согласно член 77 став 1 од ЗСКСИ, односно ја отстрани состојбата на судир на интереси во која се наоѓал.

Понатаму, според погоре констатираната фактичка состојба која произлегува од прибавената документација, службеното лице ---------, како ВД Директор на ЈЗУ Клиничка болница -------, не побарало да биде изземено и да запре со своето постапување и одлучување, во ситуација кога постои судир на интереси, односно ги потпишал гореспоменатите договори со правното лице -------, каде негово блиско лице, снаа за негов син, --------, (видно од Изјава заведена на нотар со бр. УЗП 1161/2025 од 10.03.2025 година), во моментот на потпишување на споменатиот договор било дел од сопственичката структура, видно од Тековна состојба со бр. 0805-50/150020250006199 од 10.01.2025 година и Историјатот со бр. 0811-50/150020250209551 од 30.05.2025 година, добиени од Дистрибутивниот систем на ЦРМ, за правното лице ------.

Со горенаведените дејствија, лицето --------- во три наврати сторило прекршок на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон. Поради тоа, ДКСК согласно своите законски надлежности, за констатираните прекршоци состави Записници за констатиран прекршок со бр. 09-305/7 од 10.06.2025 година, бр. 09-305/9 од 10.06.2025 година и бр. 09-305/11 од 10.06.2025 година и издаде Прекршочни платни налози со бр. 09-305/8 од 10.06.2025 година, бр. 09-305/10 од 10.06.2025 година и бр. 09-305/12 од 10.06.2025 година за лицето -----------. На ден 17.06.2025 година со допис заведен со бр.09-305/13, наведеното лице до ДКСК достави доказ за уплата на пропишаните глоби за сторените прекршоци.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил: З.Б – член на ДКСК